СТ-23/24

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Соња Ѓонческа, постапувајќи по предлогот на предлагачот Малик Каба од Струга, преку полномошник адвокат Бесник Асани од Струга, за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Трговско услужно друштво КАБА МАЛИК ДОО Струга, на рочиштето од 19.03.2024 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната против стечајниот должник Трговско услужно друштво КАБА МАЛИК ДОО Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 7645147, даночен број 4026022540231 и трансакциска сметка број 250-0201024361-84 при Шпаркасе Банка АД Скопје, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Северна Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да ги распредели на трошоците за заклучување на постапката, а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РСМ при НБ на РСМ со жиро сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Малик Каба од Струга, преку полномошник адвокат Бесник Асани од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Трговско услужно друштво КАБА МАЛИК ДОО Струга.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и ја именува Ангела Чавкоска Деспотоска, за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште беа изведени предложените докази и беше сослушан привремениот стечаен управник кој даде извештај за економско финансиската состојба на стечајниот должник, со кој утврдил дека стечајната постапка не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот, а имотот кој би влегол во стечајната маса е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка.

Имајќи ги во предвид сите докази врз основа член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Соња Ѓонческа, с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РСМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**

* предлагачот/ полномошникот
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РСМ

**По правосилноста на:**

* Централен регистар
* Депозитната банка